З А П И С Н И К
од Сто дваесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 ноември 2025 година

Скопје ноември 2025 година

З А П И С Н И К
од Сто дваесет и седмата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 ноември 2025 година

Седницата започна во 13:10 часот.

На седницата претседаваше проф д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата: Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата: м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030 како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар, Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, проф. д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура и туризам, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Димовски, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Андреа Ѓошевска, претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за октомври 2025 година, со табеларен преглед

2. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) за октомври 2025 година, со табеларен преглед и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за односи меѓу заедниците во рок од две недели до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за степен на реализација на проектите за образование и култура на етничките заедници и меѓународна соработка.

2. Се задолжува Министерството за дигитална трансформација до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, до 25.11.2025 година да достави целосен табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

3. Се задолжува Министерството за спорт до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, до 25.11.2025 година да достави целосен табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

4. Се задолжува Министерството за здравство до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата на

Република Северна Македонија, до 25.11.2025 година, да достави целосен табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028) и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

5. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од две недели, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за степен на реализација на проектот - Органско земјоделско производство.

6. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од две недели, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со акциски план за реализација на проектот „Поврзување во единствен систем на министерството и останатите институции задолжени за спроведување на земјоделските политики“.

7. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од две недели, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави Информација за степен на реализација на проектот „Рестартирање на винарски капацитети“.

8. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од две недели, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави Предлог за изменување и дополнување на Националната стратегија за земјоделство и рурален развој за период 2021-2027 година.

9. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од една недела, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за преземените активности за имплементација на законските одредби кои се однесуваат на поефикасен советодавен систем и либерализација на пазарот на советодавни услуги.

10. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од три недели, до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за степен на

реализација на активностите кои произлегуваат од спроведената функционална анализа како и временска динамика за финализирање на истите.

11. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство во рок од три недели до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација со предлог модел за воспоставување на капацитет за преработка на остатоци од животинско потекло. Притоа да се има предвид и можноста за воспоставување на јавно- приватно партнерство или приватна инвестиција.

12. Се укажува на Јавниот сервис Македонска радиотелевизија (МРТВ), да ги отпочне административните процедури за имплементација на проектот „МРТВ - прозорец кон Македонија“, да објави оглас за јавна набавка по претходно усвоена техничка спецификација, согласно Програмата за работа за 2026 година и Акцискиот план, а во рамките на предвидениот буџет и до Владата да достави информација за почетокот на реализација на проектот и временската динамика за преземање на проектните активности, најдоцна до 31.3.2026 година.

13. Се укажува на Јавниот сервис Македонска радиотелевизија (МРТВ), да ги имплементира активностите кои се однесуваат на реализација на проектот „МРТВ – прозорец кон Македонија“ кои предвидуваат креирање онлајн платформа на која ќе биде достапна програмата и архивите на сите канали на Македонската радио телевизија со превод на регионалните балкански јазици и светски јазици во согласност со потребата, создавање и поставување на апликации за мобилни уреди на кои би биле поставени голем дел од програмите и продукцијата на Македонската радио телевизија и креирање на нов дигитален програмски сервис на Македонското радио - насочен кон македонците кои живеат во регионот и дијаспората, најдоцна до 31.12.2026 година, а извештај за напредокот на реализацијата на проектот да доставува до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на месечно ниво најдоцна до 20 во месецот за претходниот.

14. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и дипломатско-конзуларните претставништва, да изготви предлог-план за проширување на мрежата на економски аташеа во клучни земји и трговски центри, профил на потребни кадри, нивен број и буџетски импликации, динамика за распоредување на кадарот и времетраење на мандатот и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 30.12.2025 година.

15. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија во текот

на 2026 година да организира серија matchmaking-настани за поврзување меѓу странските инвеститори и домашни компании, со цел развој на локални снабдувачки синџири, трансфер на технологии и отворање на нови пазари за македонски производи и услуги преку мрежата на дипломатско-конзуларните претставништва и за исходот од настаните да ја информира Владата најдоцна до 31.12.2026 година со извештај кој ќе содржи вкупен број на одржани настани (по земја и датум), вкупно ангажирани и потрошени финансиски средства по настан и вкупно, број на странски и домашни компании кои учествувале, број на реализирани состаноци/контакти, број на потпишани меморандуми, договори или започнати соработки, области/сектори на соработка и вид на договорени активности, траење и финансиска проценка на договорената соработка (доколку е применливо), идентификувани пречки и предлози за подобрување на идните активности.

16. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да подготви предлог за засилување на фискалната и регулаторната предвидливост за инвеститорите, вклучително и транспарентни критериуми за државна поддршка, поедноставување на административните процедури, усогласување на регулативите со европските и глобалните стандарди. Предлог-мерките можат претходно да бидат претставени на јавна дебата на која ќе бидат поканети стопанските комори, академската заедница, финансиски консултанти, Советот на странски инвеститори и откако ќе се образложат, ќе се земат во предвид и нивните ставови и сугестии кои би се вградиле во пакетот мерки, истите да се доставaт до Владата, најдоцна до 30.4.2026 година.

17. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, најдоцна до 15.12.2025 година да спроведе надградба на веб-страниците на сите дипломатско-конзуларни претставништва со јасни инструкции по вид на услуга, ажурирани контакт-податоци, дел со често поставувани прашања (FAQ), информации за термините и вонредните дежурства. За реализацијата да се достави извештај до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.12.2025 година.

18. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изготви сеопфатен план за реконструкција на приоритетните дипломатско-конзуларни претставништва за периодот 2026–2028 година, вклучително и проценка на тековната состојба на објектите, финансиски импликации по години, временска рамка и потребни технички елаборати. Воедно, потребно ќе биде да се изготви предлог за продажба на нефункционални објекти, со цел ослободување на средства и пренасочување кон реконструкција на активните дипломатско-конзуларни претставништва. Реконструкциите да вклучат примена на еколошки и безбедносни стандарди, интеграција на мерки за енергетска ефикасност, користење „зелени“ материјали и технологии, набавка на нов мебел, ИКТ-опрема и безбедносни системи во согласност со обемот на конзуларни активности. Министерството за надворешни работи и

надворешна трговија во соработка со Министерството за финансии да разгледа можноста за интензивирање на процесите на реконструкција на дипломатско-конзуларни претставништва и да воспостави механизам за континуиран надзор врз реализацијата на проектите, со квартално информирање на Владата за напредокот, идентификувани предизвици и евентуални промени во финансиската рамка почнувајќи од 2026 година и за тоа да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.12.2025 година.

19. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да заврши функционална и техничка спецификација за осовременување на НВИС системот, во консултација со сите институции-корисници на системот, најдоцна до 30.11.2025 година. Покрај тоа, во координација со Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи да изготви анализа на фискалните импликации, да направи проценка на одржливост за целосна надградба на постојниот систем или изработка на нов интегриран систем, како и да ги испита можностите за обезбедување на дополнителни средства преку меѓународни донатори или други инструменти за техничка помош и за тоа да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.1.2026 година.

20. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да спроведе информативна кампања во земјата и преку дипломатско-конзуларни претставништва во странство, со цел информирање на јавноста за новите дигитални конзуларни услуги со цел промовирање на транспарентност, ефикасност и достапност, едукација на граѓаните за користење на новите услуги. За преземените активности да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, најдоцна до 31.3.2026 година.

21. Се задолжува Министерството за економија и труд, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, да изготват нов јавен повик за поддршка на домашни компании кои се извозно ориентирани за 2026 година. Подготовката на јавниот повик задолжително ќе се темели на сеопфатна евалуација на резултатите и ефектите од јавните повици реализирани во изминатите пет години. Евалуацијата треба да опфати анализа на пројавениот интерес и бројот на апликации, профилот на компаниите и индустриските гранки кои аплицирале, степенот и обемот на одобрената и реализираната поддршка, мерливите резултати и ефекти врз конкурентноста и извозниот капацитет на поддржаните компании, идентификација на предизвиците, слабостите и административните пречки, како и извлекување на научените искуства, предлози и сугестии од сите релевантни чинители. Врз основа на овие наоди, ќе се изврши попрецизно определување на критериумите и условите за

новиот јавен повик. Подготвениот јавен повик треба да биде финализиран и доставен најдоцна до 28.2.2026 година, за што Министерството за економија и труд ќе го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, а ќе се достави до Владата, најдоцна до 31.3.2026 година.

22. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Министерството за финансии, да формираат меѓуресорска работна група за изработка на Стратегијата за странски директни инвестиции 2027–2037. Во работната група задолжително ќе бидат вклучени и претставници од стопанските комори, академската заедница, Советот на странски инвеститори и бизнис-секторот. Работната група ќе има обврска да спроведе анализа на глобалните инвестициски трендови, со посебен фокус на високотехнолошките сектори; проценка на конкурентноста на македонската економија, вклучувајќи инфраструктура, човечки капитал и регулаторна рамка, идентификација на приоритетни сектори, целни пазари и инструменти за поддршка на инвеститорите. Групата ќе одржува континуирана комуникација и координација со тимот на Сојузна Република Германија и други меѓународни партнери, со цел обезбедување техничка и експертска поддршка. Стратегијата задолжително ќе содржи маркетинг активности за меѓународна промоција на Република Северна Македонија како атрактивна инвестициска дестинација, акциски план со конкретни мерки и активности, јасно определени надлежни институции за спроведување и прецизни рокови, фискални и нефискални мерки за стимулирање на странските директни инвестиции (даночни олеснувања, субвенции, поддршка за обука и други инструменти), можности за буџетско и донаторско финансирање и предвидени буџетски средства за секоја поединечна активност. Нацрт-верзијата на Стратегијата да се достави до Владата, најдоцна до 30.11.2026 година.

23. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во координација со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за економија и труд, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Министерството за финансии, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и други релевантни институции, да формира работна група за развој на стратешки пристап кон брендирање на државата како поволна инвестициска дестинација. Работната група ќе има за задача да изготви Национална стратегија за инвестициски бренд на Република Северна Македонија, со јасно дефинирани целни групи (инвеститори, дијаспора, партнери), приоритетни сектори (зелена енергија, дигитална трансформација, иновации, висока технологија), клучни пораки, визуелен идентитет и комуникациска платформа и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 31.12.2026 година.

24. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во соработка со маркетинг-експерти и дијаспората, да спроведе дигитална

кампања на Google, LinkedIn, професионални мрежи и медиуми, насочена кон приоритетни пазари (САД, Европската Унија, Блискиот Исток и други), со цел промоција на Република Северна Македонија и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 31.12.2027 година.

25. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Министерството за економија и труд, Министерството за финансии, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да продолжи со процесот на склучување нови договори за слободна трговија и билатерални економски спогодби. За таа цел во координација со Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да формира меѓуресорски преговарачки тимови составени од дипломати, економисти, правници и експерти за меѓународно право, да организира економски форуми, тематски конференции и билатерални средби во приоритетните земји, со цел отворање преговарачки процеси и поддршка на националните економски интереси, а во соработка со стопанските комори да подготви и информативна кампања за бизнис-заедницата за придобивките од новите трговски договори и можностите за проширување на извозот. За прогресот да ја информира Владата на седница два пати во текот на годината почнувајќи од јануари 2026 година со извештај во кој ќе се содржани и податоци за потпишаните договори, целните земји и области на соработка, број и тип на предвидени поволности и очекувани ефекти за македонската економија.

26. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изготви план за поставување дополнителни ПОС-терминали во дипломатско-конзуларните претставништва, како и за проширување на дежурните телефонски и електронски линии за итна помош на граѓаните во странство. Планот да се достави до Владата, најдоцна до 15.12.2025 година.

27. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана да започне процес на неформални консултации за подготовка на првата Национална стратегија за надворешна политика на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена. Во процесот на консултации по потреба може да бидат вклучени и претставници од академската, научната и експертската заедница, со цел да се обезбеди поширока стручна и вредносна поддршка на стратешкиот документ. Во рамки на тие неформални консултации потребно ќе биде да се идентификуваат сите чувствителни прашања од надворешно-политички и безбедносен карактер, да се дефинираат вредносните основи, принципите, мисијата и стратешките цели кои ќе ја определуваат надворешната политика на Република Северна Македонија во следната декада, да се воспостави методолошка рамка и динамика за натамошна подготовка на стратегијата и како резултат на консултативниот процес да подготви и достави до Владата предлог насоки за структурата, содржината и методологијата на Националната стратегија за надворешна политика, предлог за профилот и составот на стручните лица што ќе бидат вклучени во процесот и предлог-временска рамка и

динамика за изработка на првата работна верзија на стратегијата, најдоцна до 30.6.2026 година.

28. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да изготви национална мапа на приоритетни сектори за странски инвестиции, базирана на глобалните трендови и домашните конкурентни предности (енергетика, ИКТ, агроиндустрија, автомобилска индустрија и слично), како и план за таргетирани промотивни кампањи и стратешки партнерства за 2026 година најдоцна до 31.11.2026 година и истата да ја достави до Владата, најдоцна до 15.12.2026 година.

29. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да воспостави предлог модел за следење на странските инвестиции по фази – од иницијален интерес до целосна реализација – со цел подобро управување со инвестицискиот циклус и навремено идентификување и отстранување на административни пречки и истиот да го достави до Владата, најдоцна до 30.12.2025 година.

30. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, Министерството за дигитална администрација, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и други надлежни државни институции да развие интегрирана дигитална платформа за промоција и поврзување со инвеститори, достапна на повеќе јазици, која ќе содржи информации за регулативи, поволности, проекти, контакти, успешни примери и други релевантни податоци. Предлог-концептот да се изработи и да се достави до Владата, најдоцна до 31.1.2026 година.

31. Се задолжува Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, во соработка и координација со Стопанската комора на Македонија да информира за искористеност на дигиталната платформа EASY EXPORT, со цел активно користење на платформата од страна на компаниите; редовно ажурирање со пазарни анализи, алатки и повици за поддршка; интеграција со други национални и меѓународни економски мрежи. Притоа, да се воспостави и систем за следење и евалуација на резултатите со дефинирани индикатори за нови извозни договори, пристап до нови пазари и раст на извозот. Во процесот активно да ги вклучи стопанските комори и дипломатско-конзуларните претставништва со цел обезбедување стручна, логистичка и маркетинг поддршка за компаниите во странство и за тоа да го информираат секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и да се достави до Владата, најдоцна до 31.12.2025 година.

32. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во соработка со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија, да започне со развивање на инвестициска веб-платформа како централен дигитален ресурс за странски инвеститори, со информации за бенефиции, постапки, контакт-точки и постоечки зони најдоцна до 31.12.2026 година и за прогресот да ја информира Владата, најдоцна до 15.1.2027 година.

33. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија преку мрежата на државно конзуларните претставништва, а во координација со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони да организира серија презентации, бизнис форуми и семинари во клучни економски центри, со цел меѓународна промоција на новиот бренд започнувајќи од 2027 година и за исходот да ја информира Владата до 31.12.2027 година.

34. Се задолжува Министерството за локална самоуправа до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, до 21.11.2025 година да достави барање за номинација на нов член од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за учество во актуелните работни групи на Министерството.

## <u>Точка 2</u>

Владата ги разгледа Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и ги усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат државните институции по табеларниот преглед на недоставени/неповрзани информации со активност/заклучок од седница на Влада (Табела бр.1), навремено и во рок да постапуваат по задолженијата на Владата и при креирање на материјалите да ги поврзуваат со активноста во системот e-vlada.mk.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по табеларниот преглед, кој се однесува на доставени и недоставени мислења по материјали, со статистика по институции (Табела бр.2), при разгледување на наредната тематска седница, да го пречисти, во смисла, истиот да не ги содржи материјалите, за кои институциите доставиле мислење или имаат рок за постапување.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:45 часот.